Анализа на јазикот употребен во две писма на К. Ј. - Питу во кои се гледаат настојувањата на К. Ј. - Питу за создавање на македонски литературен јазик и за литературни творби од него и за него се зборува во прилозите на д-р Трајко Стаматовски, Доне Пановскии Петко Домазетовски.

Осврт на македонската историографија за делото на К. Ј. - Питу, библиографии и спомен - белези за него, се објавени во прилозите на Доне Илиевски, Цветан Беличански, Владимир Караџоски и Слободан Беличански.

Со излегувањето на зборникот "Кузман Јосифовски - Питу, време - живот - дело" македонската историографија добива уште еден значаен прилог во кој се прави обид да се откријат нови моменти, за идеологот на македонската револуција.

Симона ГЕРАСИМОВА

## Орде ИВАНОСКИ, ДИМО ХАЏИ ДИМОВ, ЖИВОТ И ДЕЛО
(Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1995, 190)

Во издание на Архивот на Македонија и Матица Македонска во 1995 година излезе од печат монографскиот труд на д-р Орде Ивановски за личноста и делото на Димо Хаџи Димов под наслов "Димо Хаџи Димов, живот и дело". Монографијата содржи 190 страници. Трудот содржи седум глави со вкупно 24 поднаслови кои како посебни тематски целини ги расветлуваат скоро сите најважни аспекти од неговиот живот и неговата социјалистичко-револуционерна активност и дело. Трудот на д-р Орде Ивановски е збогатен со Мисли на Димо Хаџи Димов, со некролот од 1924 година под наслов "Аџијата Димо Хаџи Димов", со 11 фотографии од неговто родно место, неговата фамилија и неговите содејци кои ја илустрираат тематската содржина.

Во Предговорот авторот ликот на Димо Хаџи Димов го лоцира во челните редови на македонските национални и интернационални мислечки и креативно ангажирани револуционери од крајот на XIX и триесеттите години на нашиот век.

Во првата глава "Општествено-политичката и економско-социјалната положба на Македонија на преминот од XIX и почетокот на XX век"

авторот нѝ ја прикажува внатрешната и надворешната положба на Македонија и на македонскиот народ во време на раѓањето на Димо Хаџи Димов.

Во втората глава е претставено родното место на Димо Хаџи Димов, Горно Броди, Серско, неговото родољубиво семејство кое со две генерации пред него веќе учествува во преродбата за ослободување од фанариотското духовно и економско ропство и за народна просвета. По Берлинскиот конгрес во масата бегалци од Македонија во Бугарија се најде и семејството на Хаџи -Димков, татко на Димо Хаџи Димов, кое во 1891 година се насели во градот Дупница. Тука тој ја започнува и својата педагошка и општествено-политичка дејност вклучувајќи се меѓу напредните учители и социјалисти коишто биле на линијата на отпор и конфронтација со Стамболовиот непопуларен, кормпиран режим. Учествувал активно во бројните македонски друштва кои дејствувале во овој период во Дупница, какво што било и друштвото "Младост" со читалиште и библиотека. Тоа е период во кој Димо Хаџи Димов остварува контакти со многу македонски револуционери и социјалисти како Јане Сандански, Гоце Делчев, поетот Атанас Раздолов и други.

Неговата средба со Гоце Делчев во Дупница ќе резултира со заедничко ангажирање и служење на македонското ослободително дело, што ќе биде од судбинско значење за правилно изградување на стратегијата и тактиката на изворните цели и задачи на македонската ослободителна револуција, која се развиваше во неповолни внатрешни и надворешни политички услови со разбиени револуционерни и раководни македонски движечки нeединствени надворешни и внатрешни сили како и со мешањето на соседните монархии и Големите сили. Тоа генерациско служење бугарскиот поет Пеју Јаворов метафорички го претставил како "две тела со една душа". Хаџи Димов се пројавува и како учесник и организатор на градскиот социјалистички кружок којшто во 1900 година прераснува во Социјалдемократска организација на Бугарската социјалдемократска партија.

Во третата глава насловена како "Учеството на Димо Хаџи Димов во Бугарскиот учителски сојуз и неговата педагошка и општествено-политичка активност" авторот го претставува Димо Хаџи Димов како активен учесник во движењето на учителите за нивно професионално здружување за заштита на нивните потреби и права. Како учесник во тоа движење на страната на прогресивното негово крило придонесува за неговата социјалистичка ориентација со што си обезбедува забележителен углед и раководителски авторитет. Меѓутоа, најзабележителна активност Димо Хаџи Димов пројавува на конференциите, конгрсите, јавните собири, преку пишаниот збор и педагогија. Тука се поместени ставовите на Димо Хаџи Димов за ликот на народниот учител, кој според

него би требало да биде “фактор на прогресот, расадник за благородните и хумани идеи во општеството, чувар на народно-општествените идеали, интереси и права. Тој треба да биде човек вистински образован, богат со знаења, вешт, со бистар ум и тврд карактер”. Димо Хаџи Димов отворено се конфронтирал со повисоките просветни власти и со учителите приврзаници. Тој се залагал Учителскиот Сојуз да биде само учителска професионална, а не и општествено-политичка организација. Во поднасловот “Активноста на Димо Хаџи Димов во Учителското друштво за неговото придобивање за помагање на македонското ослободително дело” ја изнел таа негова благородно родољубива мисија што ја спроведувал со живиот и пишаниот збор кои ги изразувал преку учителските конгреси, конференции, во личните контакти со учителите-пријатели кои ги имал многу и преку објавување написи до нив. Низ сите тие форми на активност Димо Хаџи Димов ја расветлувал политиката и тенденциите на бугарската власт и укажувал на потребата од вкучување на просветниот кадар во македонското дело коешто, според него, се наоѓа во последниот стадиум на својот развиток и повикува истото да се помогне со прифаќање на пропагандата од средината на народните маси коишто никој подобро не ги познава од учителите.

Во оваа монографија е најобемна четвртата глава “Учеството и дејноста на Димо Хаџи Димов во македонското ослободително дело” (61-123) која е расчленета на осум поднаслови. Димо Хаџи Димов се вклучува во македонското ослободително дело преку Дупничкото друштво кое се раководи од Врховниот македонски комитет, чиј прв претседател е родољубецот и активистот на друштвото “Братски Сојуз” Трајко Китанчев. Актуелната положба во поробена Македонија Димо Хаџи Димов ја оценува како критична и страшна. За тешката положба ги обвинува експанзионистичките балкански држави кои, омразени меѓу себе, со своите разорни пропаганди ги цепеа борбените сили на Македонија и го отежнуваа самото ослободување. Таква осуда тој искажува и на адреса на европската дипломатија којашто со членот 23 од Берлинскиот договор се подигра со воведуањето на внатрешната автономија на Македонија. Тој смета дека тоа нивно нехумано однесување султанот издашно го користеше за непречено продолжување на ропството во Македонија.

Македонците без сопствена држава како најавтентичен израз на сопствена нација нема да имаат слободен развиток и прогрес. Поведената ослободителна борба во Македонија Димо Хаџи Димов ја истакнал како плод на своето време и сметал дека само крвава револуција ќе ја ослободи Македонија.

Димо Хаџи Димов во својата широка лепеза на македонски теми усно и писмено ги изнесе своите погледи за сојузниците на македонската национално ослободителна револуционерна борба. Иако беше кате-

горичен дека самоослободувањето на поробениот македонски народ треба да биде негово сопствено дело изведено преку револуционерна борба и револуција на чело со Внатрешната македонска револуционерна организација како негова авангарда, тој се соочи со нејзината внатрешна и надворешна сложеност што ја сочинуваа аспирациите на соседните пропаганди и нивното разорно дејствување и влијание врз расцепувањето на македонскиот народ и неговите револуционерни сили. Потоа мешањето на Големите сили, во внатрешните работи на Турција, негирањето на индивидуалноста на македонската нација и нејзиното право на самоопределување и создавање на сопствена држава, како и објавената крстоносна војна од нивна страна за ликвидирање на Револуционерната организација и превземање и поделба на нејзината територија. Тука исто така авторот ги третира ставовите на Димо Хаџи Димов за улогата на Големите сили и балканските држави во ослободувањето на Македонија давајќи поединечна анализа за секоја од нив. Прикажана е и неговата активност во македонските организации во Бугарија и Македонија. На еден мал простор од три страници се поместени видувањата на Димо Хаџи Димов за Илинденското востание и Крушевската република. Потоа станува збор за неговите ставови за реформирање на идното управување и раководење со Македонската револуционерна организација по Илинденското востание и неговите јасни програмски ставови за автономијата.

Младотурската револуција Хаџи Димов ја сфати како нова историска шанса за остварување на националната слобода на Македонија сметајќи дека со заеднички сили, преку демократизирање на земјата, можно е решавање на македонското прашање со издејствување на автономија на Македонија. Тој развил мошне активна дејност во реорганизирање на македонското национално революционерно движење во легална општествено-политичка организација. Преку органот на Федеративната партија "Конституциона зора" Димо Хаџи Димов ја градел новата стратегија на македонското движење во новите услови. По избувнувањето на Балканските војни мобилизиран како бугарски војник во Рилската дивизја Дмо Хаџи Димов стигнува до Солун каде го превзема раководењето на весникот "Право" низ чии редови како и низ редовите на весникот "Дневник" повторно ја издига автономијата на Македонија. Тој овие војни со нивниот злосторнички акт "Букурешкиот договор" ги прогласи за невиден злосторнички империјалистички акт.

Во седмата глава "Самоопределувањето на Македонија во сопствена држава" авторот ни предава уште еден многу значаен период од животот на Димо Хаџи Димов. Тоа е времето од крајот на империјалистичката војна до неговото убиство. По завршувањето на војната врз база на своето дотогашно искуство и извлечените историски поуки од дотогашниот

развој на ослободителната борба на македонската револуција ја назре историската неопходност за нова квалитетна преориентација на македонското ослободително движење за свртување в лево и поврзување со работничките и национално-ослободителни движења на Балканот и во светот. Димо Хаџи Димов нужното македонско единство го градеше врз најафирмативните патриотски борбени појави од ослободителната борба на македонскиот народ од блиското минато. Меѓу нив најсветли и најинспиративни ги истакнува: Илинденскто востание и Крушевската република, револуционерните дела на Гоце Делчев, на Димитар Благоев и други моменти, настани и личности од македонското национално револуционерно движење.

Мирјана НИНЧОВСКА

## **Васил ИВАНОВСКИ, ЗОШТО НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ СМЕ ОДДЕЛНА НАЦИЈА**

- Предговор, избор и редакција Иван Катарџиев, Архив на Македонија, Матица македонска, Скопје, 1995, 325 -

Во годината кога се одбележува 50-годишнината од победата над фашизмот, излезе од печат книгата на Васил Ивановски "Зошто ние Македонците сме одделна нација", собрани дела, за која изборот и предговорот ги направи Иван Катарџиев. Со книгава, за прв пат на пошироката јавност, и се презентира целокупниот творечки опус на Васил Ивановски и на истражувачите им се отвораат нови видици за да му го определат на Васил Ивановски вистинското место во македонското културно, национално, политичко и револуционерно наследство.

Во книгата покрај предговорот, дадени се избраните дела на Васил Ивановски по хронолошки ред на објавување, не по време на настанување, резиме на француски јазик, регистар на лични имиња и регистар на географски поими.

Заслужува да се истакне дека предговорот на Иван Катарџиев по својата содржина и обем претставува своевидна научна студија, во која Иван Катарџиев дава посебен осврт на моментите и условите во кои се изградила личноста на Васил Ивановски, почнувајќи од неговата најрана младост и понатаму. Освен тоа ги презентира и условите во кои настанал секој труд, расветлувајќи ја основната идеја на авторот што како нишка провејува низ содржината на сите негови трудови: да го осветли долгиот историски пат на создавање на македонската нација, да ги посочи созреа-